**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-53/5 од 10.2.2016 година донесена на 130. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 9.2.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научната област *социологија на политиката* на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Коха” и „Нова Македонија“ на 15.1.2016 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Страшко Стојановски, доцент д-р по социолошки науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Страшко Стојановски** е роден на 2 ноември 1981 година во Скопје, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Крива Паланка. Дипломира во 2004 година на Филозофски факултет - Скопје на Институтот за историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 9,08. Магистрира во 2007 година на Филозофскиот факултет - Скопје на Институтот за социологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 9,50, со одбрана на магистерски труд на тема „Колективниот идентитет кај Македонците муслимани“. Докторира во мај 2011 година на Институтот за Социологија, на Филозофскиот факултет - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, на тема „Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја: Со посебен осврт на работата на црковно- училишните општини во Македонија“, која се однесува на областите на социологијата на политиката, социјалната антропологија, социологијата на етничките групи и историската социологија.

Во 2007 година Страшко Стојановски е избран во соработничкото звање помлад асистент, а од 2010 година и како асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во областите социологија на правото, политичка социологија и филозофија на правото. Во октомври 2011 година е избран за доцент во наставно-научната област социологија на политиката, како дел од Катедрата за политички и правно-политички науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Професионалната ангажираност и научноистражувачкиот интерес на д-р Страшко Стојановски се насочени во рамките на интердисциплинарниот приод кој ги опфаќа социолошките, политичките, историските и правните науки. Посебно треба да се истакне интересот во насока на истражување на современите идеологии, во прв ред националната, конструкцијата на колективните идентитети и проучувањето на различните форми на социјална мобилизација (првенствено различните форми на политичка мобилизација). Во 2010-2011 година остварува четиримесечен студиски претстој како стипендист на Универзитетот во Виена, Р. Австрија, а од 2013 година е раководител на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Кандидатот е доцент од научната област социологија на политиката, избран на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 3. 10. 2011 година.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko | Organizational and legal assumption for creating reliable public administration | International Journal of Current Research | 5 |
| 2 | Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Nikodinovska Krstevska, Ana | Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) | 9 |
| 3 | Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan | The Balkan Muslim discourse: Identity among the Muslims of Slavic origin | New Balkan Politics | 15 |
| 4 | Nikodinovska Krstevska, Ana and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) | 9 |
| 5 | Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko | About the Terms “Yugoslavia” “Balkanization” and “Third Balkan War” | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 9 |
| 6 | Ljorovski, Dimitar and Stojanovski, Strasko | The kingdom of Greece and The First Balkan War: Aspirations and achievements | Security Dialogues | 7 |
| 7 | Стојановаки Страшко и Љоровски Димитар | Појавата на македонскиот протонационализам: употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на xx век | СПЕКТАР | 33 |
| 8 | Стојановски Страшко и Ананиев Јован | Граѓанската партиципативност во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија | Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia | меѓународна научна публикација |
| 9 | Љоровски Димитар, Стојановски Страшко и Николова Маградена | Спорот за името меѓу Македонија и Грција: македонскиот идентитет и употребата на терминот „Македонец“ во делот на Македонија под Грција | Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia | меѓународна научна публикација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Стојановски Страшко, Денкова Јадранка | Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија | First International Scientific Confetence: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Faculty of Law, University of Voronezh, Russia | меѓународна научна публикација |
| 11 | Стојановски Страшко, Ананиев Јован | Културниот трансфер како основа за политичка мобилизација: Теоретски претпоставки за релациите помеѓу културата, етничката припадност и национализмот | International Scientific Conference "Cultural Memory", 5-7 Sept 2013, Centre for Culture and Cultural Studies, Skopje, Macedonia | меѓународна научна публикација |
| 12 | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar | Weber's models of bureaucracy in the age of globalization | International Scientific Conference: "Social Change in the Global World", Stip, Macedonia | меѓународна научна публикација |
| 13 | Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan | Towards European identity: The role of national historiografies in creation of Balkan myths | International Conference: Identity in the era of globalization and europeization | меѓународна научна публикација |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот доц. д-р Страшко Стојановски од 3 октомври 2011 година е избран во звањето доцент во наставно-научната област социологија на политиката, како дел од Катедрата за политички и правно-политички науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во периодот од 2011 до 2016 година кандидатот одржувал настава и вежби по следните предмети на прв и втор циклус студии: Социологија на правото, Граѓанско општество, Политичка социологија, Испитување на јавното мислење, Историја на новинарството, Јавност и јавно мислење, Истражувачко новинарство, Филозофија на правото, Политичка антропологија, Нации и национализам и Методологија на научноистражувачка работа.

***Во прилог се нуди преглед и научна евалуација на трудовите за целиот период до изборот:***

– Стојановски Страшко (2011) Од балкански национализми до европски супранационализам: Улогата на националната историја во градењето на колективната меморија. Evrodijalog. pp. 111-134.
– Стојановски Страшко (2010) Состојбите во македонското револуционерно движење од потпишувањето на Мајскиот манифест до убиството на Тодор Александров. Godisen zbornik na INISA, pri UGD-Shtip, 1 (1). pp. 71-81. ISSN 1857-7342
– Стојановски Страшко (2010) Нациите и национализмите на Балканот: создавање на услови за градење на одржлив мир. Socioloska revija, 9 (1/2). pp. 171-186.
– Стојановски Страшко (2009) Етнолингвистичката и религиска основа на идентитетот кај Македонците муслимани: видени преку теориите за етничките групи и нивните граници на Фредрик Барт. Philological studies, 1. ISSN 18576060
– Стојановски Страшко (2009) Европа и Балканот: Историско наследство и конструкција на колективните идентитети. Evrodijalog, 11. pp. 173-186.
– Стојановски Страшко (2009) Нациите и национализмот на Балканот. Годишен зборник на Правен факултет, 1. pp. 249-263. ISSN 1857-7229
– Стојановски Страшко (2009) Обединување на македонското револуционерно движење под платформата на мајскиот манифест. In: Историја 2009. Сојуз на историчарите на Република Македонија, Скопје, pp. 71-93.

– Стојановски Страшко (2008) Инкорпорирање на Македонците муслимани како дел од македонската нација. Во: Историја. Сојуз на историчарите на Република Македонија, Skopje, pp. 141-158. ISBN 0579-0263.

***Учество на меѓународни научни конференции***

– Стојановски Страшко (2011) Територијалната основа на балканските национализми: Случајот на доцноосманлиска Македонија. In: Меѓународна научна конференција, „Македонија низ вековите", 11-12 ноември 2011, Филозофски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".
– Стојановски Страшко и Чоровски Димитар (2011) Од Милет до нација: Компарација на моделите на формирање на македонскиот и турскиот идентитет во Доцноосманлиската империја. In: Меѓународен АТАТУРК конгрес, International ATATURK kongres, 17-22 Oktomvri, 2011, MANU, Skopje, Macedonia.
– Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2011) Toward European Identity: Role of national historiographies in creating Balkan myths. In: International conference "Identity in the Era of Globalization and Europeization", 3-4 Nov 2011, Rectorate of University "St. Cirilus and Methodius"- Skopje.
– Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko and Maksimova, Natasha and Lazarova, Limonka (2010) Political, legal and mathematical forecasts on holding parliamentary elections in the Republic of Macedonia with closed or open lists. In: Closed or Open Lists organized by National Democratic Institute (NDI), 2010, Skopje.
– Stojanovski, Strasko (2010) Slav Muslim identity in the Balkan: the case of Makedonci muslimani in Dolna Reka. In: 5th Annual South East European Doctoral Student Conference, September 13 – 14 2010, Sofou str. CITY College bld., Thessaloniki - Greece.
– Stojanovski, Strasko (2008) Multiethnic Coexistence in the Balkans: Conditions for Building Substantial Peace. In: "Ethnic Reconciliation in the Western Balkans: What Role for Academia?", 5-6 September 2008, University of Graz, Graz, Austria.

***Монографија***

– Стојановски, Страшко (2009) Колективниот идентитет кај Македонците муслимани. Скопје: Алфа 94.

***Во периодот од последниот избор, за последните пет години кандидатот ги има објавено следните трудови:***

Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration. Holistica, Journal of Business and Public Administration Bucuresti, 6 (1). pp. 20-31. ISSN 2067-9785.

Во трудот се опфатени процесите на промена и редефинирање на улогата на државата во општеството, особено во земјите во транзиција, во прв план контролните функции на државата и замена на регулаторните функции кои таа ги има со мониторинг, што е во корелација со потребите на пазарно ориентираните општества. Оттука, трудот фокусот го става на функционирањето на јавната администрација и аспектите кои се однесуваат на нејзиното менаџирање, поврзани со организационата структура, нејзините задачи, мерливост на постигнувањата индикаторите за ефикасност внатре и надвор од администрацијата, како и мотивацијата на административните работници.

Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2015) Organizational and legal assumption for creating reliable public administration. International Journal of Current Research, 7 (3). pp. 14184-14188. ISSN 0975-833X.

Главните насоки на овој научен труд се однесуваат на реформите во јавната администрација во насока на создавање на професионална, деполитизирана, ефективна и граѓански ориентирана јавна администрација, во согласност во принципите на парламентарната демократија и нејзината јавна одговорност. Трудот се темели на емпириско истражување на правните и нормативни регулативи на Република Македонија, кои го уредуваат функционирањето на јавната администрација, а претставуваат предуслов

за севкупен општествен и економски развој на државата.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015) Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (2). pp. 194-201. ISSN 2307-453.

Овој научен труд нуди продлабочена анализа на генеричките основи на создавање на колективните и национални идентитети во Македонија, со фокус на идентитетот на Македонците муслимани во рамките на македонската нација. Флуидноста и променливоста на идентитетот на оваа група е детерминиран од религијата и етнојазичните карактеристики, кои се надградени со граѓанскиот модел на конструкција на идентитетот со интервенција на државата и нејзините институции.

Стојановски Страшко и Ѓоровски Димитар (2015) Раѓањето на македонската нација: етнолингвистичките и територијално-политички основи на македонскиот идентитет. Годишен зборник на Правен факултет, IV. pp. 285-311. ISSN 1857-7229.

Во овој научен труд, преку споредбена анализа на етнолингвистичкиот карактер на групата и факторите на влијание кои се продукт на политичката мобилизација се прави обид да се следат моделите и карактеристиките на развој на македонскиот протонационален идентитет. Македонскиот идентитет јасно се развива низ три фази: панправославие, панславизам и чист национализам. Во исто време можеме да ги лоцираме двата модели на градење на национализмот - етнолингвистичкиот и политичкиот. Последниот е јасно генериран од чувството за припадност кон одредена територија, во случајов Македонија, како и од чувството за заедничка татковина, што се врзува со споделувањето на ист географски простор и произведува ефективна солидарност. На крајот се прави преглед на процесот на македонското просветителско движење во 19 век, за да се заврши со познатото дело на К. П. Мисирков „За македонцките работи“.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2015) The Balkan Muslim discourse: Identity among the Muslims of Slavic origin. New Balkan Politics, 17. ISSN 1409-8709.

Научниот труд прави анализа на комплексноста на процесот на создавање на колективни идентитети на Балканот, со фокус на идентитетот на групите кои зборуваат словенски јазици, а се со исламска вероисповед. Монополот кој го наметнува христијанството и е во основите на нациите-држави на Балканот, придонесува етнојазичните органски групни карактеристики да се сметаат за недоволни за национална интеграција и хомогенизација. Ваквите примери на Балканот можат да се проследат од комплексноста на идентитетот кај босанските Муслимани, преку Санџак во Србија и Македонците муслимани во Македонија, па сè до идентитетот на Помаците во Бугарија и Грција.

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2015) The Balkan Wars through the Prism of the Wider Theoretical Framework of the Concept of the “Security Dilemma”. Balkan Social Science Review, 5. ISSN 1857- 8772.

Оригиналноста на овој научен труд е во фактот што за прв пат се прави анализа на концептот на „безбедносната дилема“ низ призмата на Балканските војни од 1912-1913 година. Трудот успешно ја тестира веќе познатата теоретска рамка на примерот на политиките на балканските држави, кои истото го валоризираат во рамките на Балканскиот сојуз. Исто така, може да се проследи како безбедносната дилема влијае за брзата промена на приоритетите, кои по остварувањето на целите во Првата балканска војна, бргу ќе го трансформираат конфликтот во меѓусојузнички.

Nikodinovska Krstevska, Ana and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (1). pp. 254-259. ISSN 2307-4531.

Научниот труд ја разгледува геополитичката сцена во Европа, по започнувањето на Украинската криза во 2013 година. Енергетската сигурност на ЕУ како и поделбата на сфери на влијание помеѓу ЕУ и НАТО земјите, од една страна, и Руската Федерација со Евроазискиот концепт, од друга, е надополнет со специфичната улога која ја игра САД како најмоќна западна сила. Овие безбедносни предизвици влијаат на продолжените трендови за интензивирање, а Евроатланските интеграции во регионот на Југоисточна Европа.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan and Ananiev, Jovan (2014) Macedonian Question Reframed: Politics, Identity and Culture in Republic of Macedonia. Balkan Social Science Review, 4. pp. 295-323. ISSN 1857- 8772.

Македонското прашање кое го одбележа и почетокот и крајот на 20 век е предмет на анализа во овој труд. Иако се понудени основите на генезата на македонското прашање во 19 век, сепак фокусот на трудот е новото македонско прашање кое се однесува на периодот по прогласувањето на независноста на Република Македонија. Притоа се разработени неколку аспекти поврзани со прашањето за спорот за името со Република Грција, можностите за побрзо евроатланско интегрирање, отворените идентитетски прашања со Република Бугарија и непризнавањето на МПЦ од СПЦ, како спорно прашање со Република Србија, но и клучните меѓуетнички односи внатре во Република Македонија опфатени од рамките на Охридскиот договор.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2014) The multiethnic coexistence on the Balkans. Journal pf Process Management - New Tehnologies International (JPMNT), 2 (2). pp. 70-76. ISSN 2334-735x.

Меѓуетничката коегзистенција на Балканот претставена во овој научноистражувачки труд ја претставува синтезата од веќе познатите социолошки теории поврзани со историските и политички матрици кои се поврзуваат токму со овој регион. Градењето на одржлив мир не се поврзува со конечната цел која се поставува на ниво на политичка програма за регионот, туку произлегува од уникатната културна хетерогеност и можноста за коегзистенција преку перманентно преговарање и надминување на конфликтите без употреба на национално-центричната асимилација.

Стојановски Страшко (2014) Веберовата теорија за власта: типови на легитимна власт. Годишен зборник на Правен факултет, 3 (1). pp. 155-173. ISSN 1857-8713.

Во овој научен труд е поместена и разработена познатата теорија за власта која ја разработува Макс Вебер. Предмет на анализа на овој труд се идеалните типови на легитимна власт кои се темелат на традиционалните, рационалните и харизматските основи. Општествената апликативност на ваквите теоретски гледишта е во насока на Веберовата мисла, која сепак не тврди дека идеалните типови се општоприсутни и доминантни во нивниот чист облик, туку дека се препознатливи во рамките на сложените системи на владеење, притоа градејќи комплексни корелативни меѓуодноси.

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2014) About the Terms “Yugoslavia” “Balkanization” and “Third Balkan War”. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. ISSN 2307-4531.

Авторите во научниот труд се осврнуваат на политичките и културни влијанија на Балканот во периодот по распаѓањето на СФР Југославија. Провокативноста на насловот се поврзува со поврзувањето на распадот на СФРЈ со новите геополитички светски струења и судирот помеѓу културите и цивилизациите детерминиран од вредностите, кои се надополнуваат на борбата за сфери на влијание и контрола на ресурсите.

Ljorovski, Dimitar and Stojanovski, Strasko (2014) The kingdom of Greece and The First Balkan War: Aspirations and achievements. Security Dialogues – International Peer Reviewed, 4 (2). pp. 59-73. ISSN 1857-8055.

Интердисциплинарноста на овој научен труд, сепак, се темели на историските основи, надополнети со политички и социолошки опсервации на авторите. Трудот ги проследува конкретните политички процеси поврзани со улогата на грчката држава и армија во Првата балканска војна од 1912 година. Клучните детерминанти за идното прекројување на границите на Македонија се поврзани со конкретните приоритети, а воените акции во еден тесен период во есента 1912 година, при што својата експанзија грчката армија наместо на север кон Битола, ја насочува кон исток, односно Солун и Халкидики.

Stojanovski, Strasko (2013) From “Balkanization” toward “West-Balkanization”: The Republic of Macedonia’s Euro- Atlantic prospects. Balkan Social Science Review, 1. pp. 201-216. ISSN 1857- 8772.

Трудот претставува научно-теоретска опсервација иницирана од концептите на ориентализам и балканизација. Новиот оригинален конструкт кој го нудат авторите виден во лицето на вест-балканизацијата е пресликување на проекциите на европската

администрација, која наместо реални перспективи на земјите од Западен Балкан за интеграција во ЕУ, го нуди гетоизирачкото поставување на регионот како брана од политичките, економски, културни и демографски влијанија од Блискиот Исток. Проблемот на овој концепт значи и можност за идна дестабилизација на државите од регионот на Западен Балкан.

Стојановски Страшко (2013) Основни претпоставки за поставеноста на правниот систем во рамките на доцноосманлиската империја. Годишен зборник на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.

Овој труд го опфаќа правниот систем во доцната Османлиска Империја кој вклучува повеќе аспекти на традиционалното османлиско право, правото на конфесионалните заедници и модерното европско право приспособено за користење во рамките на Империјата. Оваа рамка служи како основа за глобална општествена трансформација внатре во Османлиската Империја, но и како предуслов за утилизација на правните норми во рамките на новоформираните нации-држави произлезени од османлискиот контекст. Како резултат на ваквата основа многу аспекти на современото позитивно право на денешните балкански држави може да се поврзат со ваквите рани фази на модернизација. Раните напори за создавање на уставно базиран правен систем во 1876 и 1908 година се покажале како ентузијастички предизвик на тоа време, но во иднина послужиле како основа за трансформација на традиционално монархиски базираните системи кон создавање на модерни, секуларни нации-држави со републикански организирани политички системи.

Stojanovski, Strasko (2013) National Ideology and Its Transfer: Late Ottoman and Austro-Hungarian Relations. Macedonian Historical Review. pp. 133-151. ISSN 1857-7032.

Научниот труд нуди уникатна можност за интердисциплинарно синтетичко проследување на процесот на трансфер на националните идеологии на Балканот од хабзбуршките, а подоцна и австроунгарски универзитети. Трансферот на западно фундираната национална идеологија генерички се поврзува со моделите на градење на нацијата, во случајов се работи за т.н. германски или етнокултурен национален модел. Ваквиот трансфер на идеологија претставува клучен елемент за развојот на просветителството и т.н. будење на нациите кај балканските народи. Крајниот резултат значи и создавање на целосно оформени држави и национални идентитети.

Стојановски Страшко, Ѓоровски Димитар (2011) Појавата на македонскиот протонационализам: употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на XX век. SPEKTAR, 29 (1). pp. 262-278. ISSN 0352-2423.

Научниот труд се однесува на лингвистичките, културните и социјалните основи кај македонскиот протонационализам. Емпириски е засведочено дека преку сите фази на цивилизациски симбиози современите балкански народи го преживеале минатото преточено со глобалните културни искуства. Тие имале заедничка судбина да се наоѓаат во составите на повеќе големи империи (антично-македонската, римската, византиската, турско-османлиската или и со поновото искуство во југословенската федерација, па овој историски феномен ги поставувал нивните духовни, културни и јазични традиции да траат и да опстојуваат едни до други и едни со други. Сепак, современите методологии на толкувања строго ги распознаваат националните традиции и културни мемории во интеркултурните релации на однесување како посебен придонес во надополнувањата на општите цивилизациски достигнувања. Затоа и преку историските искуства на балканскиот модел за градење глобална цивилизација се овозможува творечко-развојниот контекст на македонската културна историја да ја проектира сопствената препознатлива традиција во современиот културен идентитет.

Стојановски Страшко и Ананиев Јован (2015) Граѓанската партиципативност во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. In: Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Трудот се темели на истражување спроведено во рамките на проектот „Транспарентност и партиципативност во процесот на носење на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Р. Македонија". Резултатите од истражувањето упатуваат на недоволна инволвираност на граѓаните во процесот на донесување на одлуки

во општините. Исто така, постои недостаток на соработка на локалните администрации и носителите на политички одлуки со граѓанскиот сектор. Но, исто така, мора да се забележи дека засилената политизација силно влијае за недостаток на партиципативност и желба за учество во процесот на донесување на одлуките кај индивидуалните граѓани, но и недостаток на капацитети на невладините организации, особено оние кои се наоѓаат во помалите и рурални општини.

Љоровски Димитар, Стојановски Страшко, Николова Магдалена (2015) Спорот за името меѓу Македонија и Грција: македонскиот идентитет и употребата на терминот „Македонец" во делот на Македонија под Грција. In: Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Во овој научен труд преку интердисциплинарен пристап во кој се инкорпорирани теориите за нациите и национализмот и историските процеси на градење на нацијата, се прави обид да се дојде до суштината на проблемот за Спорот за името меѓу Македонија и Грција. Формалните аспекти на меѓународно-правните односи меѓу двете земји, поврзани со тесниот мандат во рамките на преговорите во ООН, во суштина се темелат на историските процеси на градење на идентитетот во двете земји. Суштината на спорот за името може да се пронајде во расно мотивираниот грчки конструкт „славофони", кој треба да послужи како преодна етапа кон асимилација. Истото, сепак, грчката држава го негира преку инцидентното, со историски употребувано име „Македонец", кое упатува на идентитетската посебност на Македонците. Денес грчкиот колективен историски мит, чувството на загрозеност го проектира во рамките на спорот за името во рамките на ограничувањето на идентитетскиот простор на Р. Македонија или воведување на територијализација на националниот мит, кој треба да ги исклучи не само фактичките туку и историските „територијални претензии" кон територијата на денешната „Грчка Македонија".

Стојановски Страшко, Денкова Јадранка (2015) Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија. In: First International Scientific Confetence: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Faculty of Law, University of Voronezh, Russia.

Овој оригинален научен труд се темели на емпириско истражување спроведено во рамките на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Индикативноста на резултатите од спроведените интервјуа во истражувањето посочуваат на недостаток во транспарентноста на единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Р. Македонија, како и недоволните можности за инволвирање на организациите на граѓанскиот сектор во овој процес.

Стојановски Страшко, Ананиев Јован (2015) Балканските војни- Сто години потоа: Користење на Историјата во функција на политичката мобилизација на Балканот. In: Меѓународна научна конференција Балканот: Луѓе, војни и мир по повод 100-годишнината од Балканските војни (65 години ИНИ), Институт за национална историја – Скопје, Македонија.

Преку антрополошка анализа на балканската документаристика на различните нации-држави за нивната улога во Балканските војни, се прави обид да се согледаат различните перцепции за истите. Притоа интердисциплинарниот приод вклучува синтеза на основните теоретски знаења поврзани со политичките теории (аспекти на политичка мобилизација) и теориите за национализмот, со денес познатата фактографија за Балканските војни и селективното претставување низ националните документаристички проекти во Турција, Бугарија, Македонија и Србија. Во продолжение ќе се задржиме на неколку аспекти на различно гледање и интерпретацијата на Балканските војни.

Стојановски Страшко, Ананиев Јован (2014) Културниот трансфер како основа за политичка мобилизација: Теоретски претпоставки за релациите помеѓу културата, етничката припадност и национализмот. In: International Scientific Conference "Cultural Memory", 5-7 Sept 2013, Centre for Culture and Cultural Studies, Skopje.

Емпириската поткрепа на овој научноистражувачки труд се бара во рамките на современите политички контексти, со посебен осврт на македонското општество. Особено во моменти на криза или клучни политички настани, политичката мобилизација

многу често се врзува со конкретните етнички, културни и национални сентименти на различните групи. Дури и поставеноста на политичките партии во голема мера се темели на овие фактори, создавајќи слика на етнички политички субјекти. Обезбедувањето на помасовна мобилизација најчесто се врзува подеднакво и со националните симболи, но и со културните маркери на групите. Сепак овие претпоставки не упатуваат на заклучокот дека ваквите фактори се единствен извор на мобилизација и се остава простор за социјалниот статус, политичката ориентација или харизматските потенцијали на лидерот да бидат подеднакво важни.

Ананиев Јован, Стојановски Страшко (2014) Дигитализация демократии- новая форма коммуникации в политической сфере. In: Международной научно-политической конференции: Интернет, Власть и Политика, 15-17 Nov 2013, Кемерово, Россия.

Трудот се однесува на корелативните односи кои ги градат новите технологии и можноста за политичка мобилизација во рамките на политичката сфера. Можноста за поефикасно комуницирање кое ги надминува мас-медиумите и се поврзува со директната можност за комуникација во рамките на социјалните мрежи значајно ги редефинира постоечките теоретски рамки. Оттука во случајот на Р. Македонија постои потреба од дорегулација на интернет просторот кој се користи за политички натпревар, при што мора да се внимава да не се наруши можноста за слобода на избор и изразување но и да се ограничи злоупотребата поврзана со лична и колективна дискредитација и говор на омраза.

Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Matlievska, Margarita (2014) Successful management of human resources, a basis for an effective public administration in RM. In: Петта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“, 25-26 Apr 2014, Sveti Nikole, Republic of Macedonia.

Трудот се фокусира на принципите на ефикасно функционирање на администрацијата и анализа на реформите во овој сектор. Транспарентноста и отчетноста се сегменти кои се обработени во овој труд, но исто така тука се разработуваат и внатрешната организација, системот на утврдување на одговорност, награди, казни и мотивација на припадниците на јавната администрација. Емпириското истражување е поткрепено со анализа на нормативната рамка во Р. Македонија и спроведено истражување меѓу членовите на јавната администрација, синтетизирани со теоретската рамка и регионалните и светски искуства.

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar (2014) Weber’s models of bureaucracy in the age of globalization. In: International Scientific Conference: “Social Change in the Global World”, Stip, Macedonia.

Овој труд ги разгледува и разработува постојните теоретски гледишта за бирократијата создадени од Макс Вебер. Модерниот концепт на интерпретација на овие теории истите ги поврзува со светските текови на глобализацијата, при што значително се надминуваат базичните проекции врамени во националниот контекст. Бирократијата на иднината се поврзува со трансформирање на моделите на управување на големите корпорации, кои во услови на универзализам ќе се наметнат над утврдените државно-центрични јавно-административни рамки.

Стојановски Страшко, Џамтовска-Здравковска Сузана (2013) Младите и иднината: Мотиви за избор на образованиeто и потенцијалните можности за работа. In: International scientific conference: Socio-cultural issues and challenges of contemporaneity, 18-19 Oct 2013, Faculty of Filosophy, State Universety of Tetovo.

Во овој труд, кој се темели на оригинално научно истражување, се поместени резултатите од спроведена анкета во рамките на Правниот факултет. Целната група на истражувањето се средношколци и студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од резултатите може да се проследи трендот на иселување на младите, при што јасно се детерминираат внатрешните и надворешните миграции. Притоа, еден од клучните фактори кои влијае за перцепциите на младите за можноста да ја градат иднината во средина надвор од локалната од која потекнуваат е образованието. Со дисперзијата на високото образование во Република Македонија значително се намалуваат можностите, особено од аспект на потенцијалната внатрешна миграција.

Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2012) Citizens Inclusion in the Macedonian Political Life: A Base for Human Rights Development Approach. Proceeding Book from the

International Conference: "Law, Management and Medias in the XXI-th Century".

Овој труд се однесува на основите на поставеноста на заштитата на човековите права воопшто, со емпириска поткрепа на примерот на македонското општество. Инклузивноста на граѓаните во конкретните политички процеси ги детерминира политичките и граѓански права гарантирани со меѓународното право, а спецификата на нивното почитување и унапредување ја поставува границата на демократичност на едно современо општество, какво што во случајот е и македонското.

Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2012) Towards European identity: The role of national historiografies in creation of Balkan myths. Proceedings from International Conference: Identity in the era of globalization and europeization. pp. 177-188. ISBN UDC/316.347:316.4.033-027.511(497).

Овој труд се однесува на улогата на националните историографии во креирањето на колективната митографија и создавањето на унифицирани национални идентитети. Пристапот инкорпорира генерализации произведени од селектирани примери во рамките на регионот на Југоисточна Европа, како и синтетизирање на емпиријата преку инкорпорација со теориите за нациите и национализмот. Основната претпоставка е дека моделите на националното конституирање на Балканот се произведени во слични или еднакви услови, но во различни периоди. Притоа клучен елемент е воспоставувањето на матични национални држави и институции, кои ќе го промовираат хомогенизираниот национален проект. Кога се зборува за улогата на нациите и национализмите во современиот свет, историските дебати се фокусирани главно на три прашања: 1. Природата и потеклото на нациите и национализмот; 2. Староста (античноста) или модерноста на нациите и национализмот; 3. Улогата на нациите и национализмот во историската и особено скорешната општествена промена.

***Секција од книга***

Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2012) Shaping the Nation: The Models of Macedonian, Turkish and Albanian Identity in Late Ottoman Period. In: Turkish - Albanian Macedonian Relations Past, Present and Future. ADAM-ACTOR, Turkey, pp. 27-48. ISBN 978-605-88676-2-8.

Во овој труд се прави анализа преку компарација на моделите на градење на нациите во случајот на Македонија, Албанија и модерна Турција. Еден од основните фактори на градење на нацијата кај сите три примери е религиската поставеност, која се надминува во случајот на албанскиот пример. Сепак, кај сите три модели се тргнува од традиционалната поставеност во рамките на османлискиот контекст, за подоцна истото да биде надградено со органските етнојазични карактеристики на групите. Современите македонска, албанска и турска нација споделуваат значителен дел на во основа слични културни карактеристики, но и демаркација на разграничување во религијата и јазикот.

***Монографија***

Стојановски Страшко (2016) Од Милет до нација: Создавање на нациите и национализмот на Балканот. Штип. Универзитет „Гоце Делчев".

Во предговорот авторот се задржува на дел од методолошките проблеми и прашања со кои се соочил во текот на истражувањето. Воведниот дел е организиран во неколку делови, во кои е претставен проблемот на истражувањето, целите, хипотезите, методологијата и дефинирање на некои од поважните поими кои се предмет на истражување.

Во првата глава д-р Страшко Стојановски се задржува на два сегмента. Првиот се однесува на теоретската елаборација на современите пристапи на проучување на нациите и национализмот. Притоа авторот се фокусира на проблемот на дефинирање на колективитетите во модерноста. Во овој дел се претставени пристапите на примордијализмот и модернизмот, но исто така се врши теоретска анализа на територијалниот и етнонационалниот модел на градењето на националните идентитети. На крајот, авторот успешно ја елаборира теоретската рамка во рамките на балканскиот контекст на идентитетско дефинирање преку претставување на системското влијание и улогата на „легитимната принуда" на институциите на идните нации-држави. Вториот дел

на првата глава се однесува на поставеноста на османлискиот политички и правен систем и принципот на државна организација во рамките на милет системот. Правните аспекти се однесуваат на структурната организација на правниот систем, како и влијанието на процесот на танзиматските реформи врз функционирање на истиот. Исто така, авторот се задржува на принципот на религиска организација во рамките на заедниците како нужен предуслов кој ќе послужи како база за идното национално конституирање на Балканот.

Во втората глава се претставени основните модели на градењето на нациите и национализмите кај конкретните балкански народи. Притоа се врши компаративна анализа на примерите на градење на српскиот, грчкиот и бугарскиот идентитет. Авторот во овој дел смело ја пласира претпоставката за територијалната основа на балканските нации, кои не се производ единствено на културните дистинктивности, туку пред сè на врската со земјата (татковината). Ова ја наметнува претпоставките дека инвенцијата на новата форма на национални идентитети и национализмот како форма на идеологија се импортирани од основниот модел кој веќе бил присутен во постреволуционерна Западна Европа. Во рамките на истото поглавје авторот се осврнува на трансформацијата на образовниот систем, која во иднина ќе послужи како основа за национална и политичка индоктринација на населението. Примерот низ кој се следи ваквата промена се црковно-училишните општини во Македонија и влијанието на просветителството во насока на будење на културните групни карактеристики.

Третата глава се однесува на појавувањето и актуализирањето на т.н. македонско прашање. Имено, авторот во овој дел нуди приказ на политичките критериуми за појава на македонското прашање, влијанието на соседните образовни, воени, економски и политички пропаганди, како и појавата на македонскиот протонационализам во рамките на Македонската револуционерна организација. Она што ја прави анализата успешна е интеграцијата на социолошкиот метод на теоретска синтеза со емпиријата и произведување на генерализации кои навлегуваат во суштината на процесите на колективна идентитетска трансформација на населението. Статистичкиот показател на вклученоста на различните конфесионални припадности во рамките на образовните системи на соседните балкански пропаганди ја доловува конфузната слика на политичката мобилизација како примарен фактор на создавање на нациите. На крајот на овој дел авторот се задржува на фазите на градење на македонскиот ран национализам кој се развива од панправославието и панславизмот во потенцијална форма на чист национализам. Притоа можат да се одделат три главни етапи - појавата на македонското прашање кон средината на 19 век; политичката мобилизација како основа на градење на идентитетот во рамките на протоинституциите на МРО и последната етапа поврзана со работата на К.П. Мисирков и проектирањето на македонскиот етнонационализам.

Последната четврта глава се однесува на градењето на националните идентитети кај муслиманското население на Балканот. Авторот забележува дека религискиот принцип останува клучен и во рамките на националната ера. Етапите на формирање на муслиманските идентитети се контингентни и ги вклучуваат паносманизмот, панисламизмот и чистата форма на национализмот (во случајот на турскиот идентитет тоа е пантурцизмот, додека за Албанците е карактеристичен конфесионално синтетичкиот албански национализам). Подеднакво интересен е последниот дел во кој е претставен националниот дискурс кај групите на муслиманско население на Балканот кое има словенско културно и јазично потекло. Конфузијата што се создава се манифестира до денес, во некои случаи резултирајќи со создавање на нови национални колективитети, како што е примерот на босанските муслимани, но и скорешните обиди за создавање на торбешки идентитет во Македонија и помачки идентитет во Бугарија.

Во делот на заклучокот се поместени завршните согледувања на авторот д-р Страшко Стојановски. Притоа се прави проверка на поставените хипотези, нивната целисходност и степенот на поверливост.

***Учебни помагала***

Стојановски Страшко (2015) Практикум по предметот Граѓанско општество. Штип. Универзитет „Гоце Делчев".

Овој труд се однесува на подготовка на практични материјали кои би помогнале во рамките на наставата по предметот Граѓанско општество. Елаборацијата на поголемиот дел од предметните содржини ќе овозможи студентите полесно да го апсолвираат предвидениот материјал, како и понатамошно развивање и ефектуализација на материјата во пракса.

Практикумот содржи осумнаесет делови во кои се поставени содржини од различен карактер значајни за студентите кои го слушаат предметот Граѓанско општество.

Првата целина опфаќа два дела во кои се поместени извадоци од Алексис де Токвил и неговото најпознато дело „Демократијата во Америка", како и извадок од делото „Владетелот" на Николо Макијавели. Двете дела се однесуваат на теоретската и историската рамка на проучувањето на граѓанското општество.

Следната целина опфаќа четири дела кои се однесуваат на општите карактеристики и функционирањето на граѓанското општество во Република Македонија. Така во поглавјата: „Отвореноста и проодноста на новите невладини организации во компетитивниот граѓански сектор", „Дали стратегијата придонесе за подобрување на дијалогот меѓу владата и граѓанското општество", „Граѓанското образование - карактеристики и перспективи" и „Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија" се поместени извадоци објавени во списанието „Граѓански практики", во последните 15 години, а во издание на МЦМС. Добрите практики и анализите ќе им послужат на студентите да се стекнат со соодветни знаења за функционирањето на невладиниот сектор во Република Македонија во последните две декади. Во следната целина се поместени два текста кои се однесуваат на волонтерството како категорија која, исто така, е дел од предметот на проучување на граѓанското општество. Во текстовите „Волунтаризмот во граѓанското општество" и „Волонтерството во Македонија, радоста во давањето" се прави анализа со споредбени искуства од Република Македонија и други земји, од аспект на доброволната асоцијативност како клучен фактор за функционирање на граѓанскиот сектор.

Исто така, во овој практикум е поместен последниот „Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2014", кој е подготвен и публикуван од МЦМС. Во него се поместени аналитички опсервираните предности и недостатоци во функционирањето на граѓанскиот сектор во Република Македонија. Оттука, истиот нуди можност студентите преку критичка опсервација да пристапат кон проучување на општите карактеристики на невладиниот сектор, а со тоа и да се стекнат со соодветно знаење, но и аналитички способности.

Во следната целина од овој практикум се поместени трите најважни меѓународни акти, кои покрај другите слободи и права ја уредуваат и слободата на здружување и мирно собирање, што е клучен сегмент без кој граѓанското општество не може да егзистира. Имено, се работи за Универзална декларација за човековите права, Меѓународен пакт за граѓански и политички права, како и Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Преку овие меѓународни документи, студентите треба да се стекнат со основни предзнаења за системот на меѓународно-правната заштита на човековите слободи и права, а во прв ред правото на слобода на здружување.

Во следната целина се поместени неколку основни правни акти кои се однесуваат на слободата на здружување во Република Македонија. Во обој дел се опфатени Уставот на Република Македонија, Законот за здруженија и фондации, како и Законот за лобирање. Човековите слободи и права во Република Македонија и нивната соодветна заштита се уставна категорија. Во тој контекст повеќе права и слободи гарантирани со Уставот се предуслов за успешно функционирање на граѓанското општество. Пред сè, тука влегуваат деловите кои упатуваат на примена на меѓународните стандарди и практики, слободата на говорот, вероисповедта, слободата на здружување и синдикално организирање и штрајк. Дотолку Законот за здруженија и фондации претставува lex specialis кога се работи за основањето и функционирањето на невладините организации, здруженија и фондации.

Во следната целина од овој практикум се поместени делови кој овозможуваат студентите да се стекнат со практично знаење за процедурите и основните правни подзаконски акти за регистрација на Здруженија на граѓани. Оттука, во овој дел се поместени Потребни документи за регистрација на здружение и Статут.

Во последната целина на „Практикумот по Граѓанско општество“ се разработува процедурата на подготовка и изработка на апликативни проекти, што претставува основна активност на граѓанските организации во Република Македонија. Преку текстовите „Како до изработка на добар предлог проект?“, „Менаџмент на проекти“ и „Апликативен формулар за предлог-проект“, студентите треба да се оспособат за базична разработка на проекти, од препознавање на идеја, преку поставување на претпоставки и дефинирање на целите, па сѐ до фазата на буџетирање и имплементација.

Стојановски Страшко (2014) Скрипта по предметот Граѓанско општество. Штип. Универзитет „Гоце Делчев“.

Овој труд се однесува на подготовка на практични материјали кои би помогнале во рамките на наставата по предметот Граѓанско општество. Елаборацијата на поголемиот дел од предметните содржини ќе овозможи студентите полесно да го апсолвираат предвидениот материјал, како и понатамошно развивање и ефектуализација на материјата во пракса.

Трудот опфаќа 92 страници, поделени во две целини. Во првиот дел се опфатени прашањата поврзани со предметот на проучување на граѓанското општество, како и методите кои се користат во рамките на истиот. Во овој дел се опфатени современи дефинирања на поимот граѓанско општество и позиционирањето на истиот во рамките на општествените науки. Понатаму, во овој дел се опфатени историските парадигми на развојот на концептот на граѓанското општество од антиката до денес. Во овој дел се тргнува од Аристотеловиот концепт поврзан ко терминот *коинониа политике* (koinonia politike), кој во рамките на римската традиција ќе биде синтетизиран во рамките на терминот societas civilis. Од средновековната мисла најзначаен претставник е Тома Аквински, кој го разработува граѓанското општество како дел од јавната сфера, но истовремено го поврзува и со приватноста поврзана со различните форми на организирање во економската сфера (трговски и занаетчиски гилди и други видови на здруженија). Во периодот на хуманизмот постепено започнува процесот на рационализација на мислата, а оттука и на граѓанското општество, што може да се проследи во рамките на теоретските гледишта на Николо Макијавели, Томас Хобс и Џон Лок. Подоцна во рамките на просветителството граѓанското општество е еден од општествените сегменти на проучување на Жан Жак Русо. Прв кој го воспоставува граѓанското општество како современ концепт, јасно издвоен од приватноста на домот, но и јавната сфера на политиката е Георг Фридрих Хегел. Надградбата на Хегеловите гледишта може да се проследи преку работата на Алексис де Токвил, кој граѓанското општество го поврзува со демократијата како облик на политичко уредување, но и Карл Маркс, кој на граѓанското општество гледа низ призмата на општествената поделба на трудот и општествените класи.

Во следниот дел граѓанското општество се разработува низ призмата на некои од модерните актуелни пристапи. Покрај некои од актуелните класификации на граѓанското општество, се разработуваат и некои од основните елементи кои истото ги содржи. Теоретските гледишта на крајот на 20 и почетокот на 21 век се однесуваат на двете моќни струи - од една страна се неолиберализмот и неоконзервативизмот каде што се разработуваат гледиштата на Роберт Нозик и Фридрих Хаек, како и постмарксизмот, кој нуди нова интерпретација на класичните учења на Маркс. Во делот на анализирање на интересовните групи и општествените движења се разработуваат некои од основните постулати на нивната организација и дејствување, заедно со позитивните и негативните реперкусии кои произлегуваат од нив, а се однесуваат на глобалното општество. Притоа се нудат повеќе примери за општествени движења, како што се движењата за заштита на човековите права, антиглобалистичките движења, социјалните движења, движења за заштита на животната средина, студентски движења и други.

Во вториот дел од скриптата се опфатени основните постулати на функционирање на невладините организации, нивната структура, начин на делување, формално регулирање и слично. Исто така, посебен акцент се става на интернационализацијата на слободата

на здружување, дел во кој се анализираат повеќе меѓународни формални акти, како што се: Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓански и човекови права, Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи или Европска конвенција за човековите права и Европската конвенција за признавање на статус на правно лице на меѓународните невладини организации. Покрај глобалното дејствување на граѓанските, невладини организации и Европската политика во однос на граѓанското општество, посебен осврт во скриптата е даден на граѓанското здружување на просторите на Источна Европа и Балканот, со специфични примери од искуствата на различни земји. Поголем дел од елаборацијата на проблемот на граѓанското здружување е посветен на состојбите во Република Македонија. Тука се опфатени претпоставките за историската поставеност и развој на дејствувањето на невладините организации пред и по периодот на осамостојувањето на Република Македонија. Понатаму посебно се разгледуваат дејствувањето на синдикатите, религиските заедници и медиумите, во насока на развој на демократските капацитети и политичката култура во државата. На крајот, во делот од нормативната рамка, опфатени се: Уставот на Република Македонија, како и Законот за здруженија и фондации и Законот за лобирање.

Стојановски Страшко (2013) Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

Трудот е учебно помагало кое е наменето за студентите на Правниот факултет. Овој труд претставува целина составена од повеќе интегрални делови кои се однесуваат на посочениот предмет. Притоа авторот ги опфаќа методите на проучување на социологијата на правото, позначајните теоретичари кои подеднакво имаат влијание и во општата социологија и во социологијата на правото, како што се: Макс Вебер, Емил Диркем и Карл Маркс. Историскиот дел се однесува на почетоците на општеството и државата кај старите источни цивилизации, античката мисла, каде покрај софизмот се издвоени Платон и Аристотел, како и средновековниот концепт поврзан со Аврелиј Августин и Тома Аквински. Во овој труд се поместени и правните системи.

Во вториот дел се поместени основните ингеренции на Собранието на Република Македонија, Владата и Претседателот на Република Македонија. Посебен акцент е ставен на процесот на донесување на закони, со анализа на процедурите и структурната системска поставеност. Во овој дел се поместени базични информации за студентите за поврзаноста на семејството, културата, религијата, моралот, обичаите и бирократијата со правото и функционирањето на правните системи.

Стојановски Страшко (2013) Практикум за вежби по предметот Социологија на правото. Штип. Универзитет „Гоце Делчев“.

Овој труд е наменет за студентите кои го слушаат предметот Социологија на правото. Во трудот се опфатени повеќе делови. На почетокот се поместени методолошки делови за подготовка на истражувачки дизајн или скица, полуструктурирано интервју и подготовка на анкетен прашалник. Во вториот дел се поместени извадоци од текстови на познати социолошки теоретичари, како што се Макс Вебер и Емил Диркем. Во делот на процедурите за донесување на закони во Република Македонија е поместен дел кој се однесува на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Исто така, се поместени текстови кои се однесуваат на поврзаноста на религијата, семејството и бирократијата со државата и општеството.

***Учество на конференции, работилници и друго***

Покрај приложените трудови кандидатот д-р Страшко Стојановски зема учество на меѓународни научни и стручни собири, од кои за последниот период од пет години ќе ги издвоиме учеството на: Меѓународна научна конференција за Улогата на образованието во ерата на глобализацијата на Универзитетот во Сараево во 2013 година; Конференцијата The International Conference Global Economy and Governance, 10-12 Sept 2014, Bucharest, Romania; Меѓународна научна конференција, „Македонија низ вековите“, 11-12 ноември 2011 г., Филозофски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Second Annual conference of the Balkan Sociological forum “Close but unknown neighbors: Balkan Sociological perspectives”, 9, 10 November 2012, University “St. Kliment Ohridski”, Sofia,

Bulgaria; International Scientific Conference: Facing Social Traumas: A Challenge for Sociological Research. Faculty of Philosophy in Skopje, R. Macedonia, on April 23 – 24th, 2015; Меѓународна научна конференција „Македонците со исламска религија во историски и современ контекст“ што се одржа на 29.6.2015 година, во организација на Македонската академија на науките и уметностите; Меѓународна научна конференција „Човекот во глобалниот свет“, одржана на Правниот факултет во Воронеж, Руска Федерација од 18 до 20 мај 2015 година; Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, одржана на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на 3 и 4 септември 2015 година; International Research Conference, UN: HISTORICAL TRADITIONS AND CONTEMPORARY LAW, dedicated to the 70th anniversary since the establishment of the United Nations organization and 60th anniversary of Bulgarian membership in the most representative international forum, 2 – 3 October 2015, Blagoevgrad, Bulgaria.

Исто така, д-р Страшко Стојановски има повеќе медиумски настапи и стручни презентации на теми во областа на социолошките, политичките и правните науки. Во овој дел ќе ги издвоиме: Стојановски Страшко (2014) „Осумаголник“, Канал 8: Центар за правно-политички истражувања. Видео; Stojanovski, Strasko (2014) Радио дебата на УГД ФМ „Кршењето на правните и моралните норми за време на протест е оправдано“. Видео; Стојановски Страшко (2013) Од Букурешт до Букурешт: поделбата на Македонија и грчката политика во 20 и почетокот на 21 век. Видео; Стојановски Страшко (2013) Радио дебата на УГД ФМ: „Револуциите како Арапската пролет (не)можат да донесат стабилна демократија“. Видео.

Според приложеното на Конкурсот, кандидатот д-р Страшко Стојановски во досегашната своја кариера има соодветен значителен придонес во рамките на наставно-педагошката дејност, како асистент, а потоа и доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така, тој има соодветен научноистражувачки опус кој е опфатен низ соодветни публикации, со задоволување на основните законски критериуми и критериуми утврдени со Правилникот за избор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Страшко Стојановски извршувал повеќе функции поврзани со организациско-развојната дејност:

– Член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип;
– Член на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2012, 2013 г.);
– Раководител на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип;
– Главен уредник на Меѓународно научно списание Balkan Social Science Review;
– Член на Програмски и организационен комитет на Првата и Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, организирани на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип во 2014 и 2015 година, како и Првата меѓународна научна конференција „Човекот во глобалниот свет“, организирана од Правниот факултет во Воронеж, Руската Федерација, во 2015 година.

Во рамките на Центарот за правно-политички истражувања д-р Страшко Стојановски во последните две години се јавува како координатор и учесник во повеќе активности, како што се: дебата на тема „Во Република Македонија има/нема квалитетно образование“, трибина наловена „Арапска пролет - Револуција која што трае“, работилници кои се однесуваа на конципирање и буџетирање на апликативни и истражувачки проекти, Истражувањето: „Младите и иднината-мотиви за избор на образованието и потенцијалните можности за работа“, истражувањето: „Студентите и универзитетот“, трибина на тема „Социјални мрежи и младински активизам“, работилница на тема „Анкетен прашалник“, трибина насловена „Геополитика – Израел“, истражување „Зошто младите заминуваат надвор од државата“, истражување „Игри на среќа“, работилницата „Дискриминација

во огласи за вработување", дебата „За и против еднополови бракови", трибина „Синдикатите и нивната улога како заштитник на работничките права", презентација на тема „Геополитика: Турција", дебата на тема „Абортус – за и против", трибина на тема „Македонското малцинство во соседните земји (Грција, Бугарија и Албанија)", дебата на тема: „Феминизмот како поле за акција или мртво слово на хартија", дебата на тема: „За и против легализација на марихуана", работилница „Дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза", трибина „Идентитетот низ историјата – идентитетот во антиката", презентација „Преговарање и алтернативно решавање на спорови", истражување „Младите и пороците на денешницата", дебата „Во македонското општество постои / не постои полова дискриминација", симулирано судење „Случај со криминал од омраза". Исто така, д-р Страшко Стојановски учествува во подготовката на зборниците од Првата и Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет".

Кандидатот учествува како истражувач во неколку научноистражувачки проекти: Стојановски Страшко (2015) Говор на омраза на интернет. Проект во соработка на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Ананиев Јован, Денкова Јадранка, Стојановски Страшко, Лазарова Лимонка, Наташа Амиџу (2014) Капацитет за партиципативност и транспарентност при носење на одлуки во единици на локална самоуправа во Источен плански регион. Универзитет „Гоце Делчев".

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2012) The World Justice Project/Rule of Law Index 2012.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на горенаведеното и врз основа на разгледувањето на поднесената документација, Комисијата констатира дека како единствен кандидат на конкурсот се пријавил д-р Страшко Стојановски. Комисијата констатира дека д-р Страшко Стојановски ги има поднесено сите потребни документи согласно со распишаниот Конкурс и смета дека д-р Страшко Стојановски - доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип се развива во солиден и перспективен научен работник, како претставник на помладата генерација на научни кадри на Правниот факултет која професионално, солидно и одговорно ги извршува сите обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Факултетот.

Комисијата со задоволство констатира дека д-р Страшко Стојановски има забележителен опус за млад научник во кој воопшто не изостануваат трудови објавени на англиски јазик во референтни меѓународни списанија. Особено за поздравување е фактот што во опусот на д-р Стојановски се забележува неговиот интерес за различни области поврзани со социологијата на политиката, како и разработката на особено актуелни и недоволно проучени теми. Во научниот интерес на д-р Стојановски не изостанува ниту учеството во изработка на наставни помагала, со што тој се профилира како наставник кој ги совладал методолошките пристапи во презентирање на наставната материја.

Несомнено е дека д-р Страшко Стојановски ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избран во наставно звање вонреден професор за наставно-научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го избере д-р Страшко Стојановски, досегашен доцент, во звањето вонреден професор за наставно-научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ташева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славејко Сасајковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Монографија или научна книга | 1 (29) | 10 | | | 10 |
| | Прегледен труд | 3 (6, 8, 13) | 5 | 1 | 5 | 20 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 8 (4, 5, 10, 12, 14, 15, 16) | 3 | 5 (1, 2, 3, 7, 9) | 3 | 36 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 8 (17, 18, 20, 21, 23, 24, 25, 27) | 1 | 3 | 2 | 14 |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 | 4 | 1 | 6 | 14 |
| | Уредник на научно списание | 1 | 3 | | | 3 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | 1 |
| | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 2 | 1 | | | 2 |
| | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир | 2 | 2 | | | 4 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | Рецензент на научен труд | 5 | 1 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **143** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Поглавје од книга | | | 1 (28) | 7 | **7** |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **23** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **196** |